Република Северна Македонија
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА
КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ
Бр. 04-361/1
31.07 2026 год.
Скопје

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија", бр. 58/00, 44/02, 82/08 и 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/19 и 110/19), член 76 од Законот за класифицирани информации (*) („Службен весник на Република Северна Македонија", бр.275/19) и член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен бесник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 12/20), директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, донесе:

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации

### Член 1

Со овој правилник се вршат измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации бр.01-283/1 од 19.08.2016 година, и Правилниците за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата бр.01-283/7 од 29.09.2016 година, бр. 01-70/2 од 31.01.2018 година, бр. 01–188/1 од 20.03.2018 година, бр.01-188/4 од 16.05.2018 година, бр.01-186/2 од 13.03.2019, бр.01-186/6 од 22.04.2019, бр.04-186/12 од 18.07.2019, бр. 01-186/16 од 06.12.2019 година, бр.01-294/3 од 09.12.2020 година, бр.01-8/1 од 05.01.2021 година, бр.01-559/1 од 28.05.2021 година, бр.01-311/1 од 08.04.2022 година, бр.01-631/1 од 31.08.2022 година, бр.01-835/1 од 09.11.2022 година, бр.01-174/1 од 29.03.2023 година и бр.01-413/1 од 27.06.2025 година.

### Член 2

Во Табеларниот приказ на работните места во Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор, кај работното место бр.11а, со назив помлад инспектор за безбедност на класифицирани информации, и шифра ИНС 01 01 В04 000, во делот:

- „Број на извршители" бројот 1 (еден) се **заменува** со бројот 2 (два)

Член 3

Во Табеларниот приказ на работните места во Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор, кај работното место бр.11, со назив Советник инспектор за безбедност на класифицирани информации, и шифра ИНС 01 01 В01 000, во делот:

-„Други посебни услови“ зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ СТРОГО ДОВЕРЛИВО “ се заменуваат со зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА “.

Член 4

Во Табеларниот приказ на работните места во Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор, Одделение за поддршка на работата на директорот и протокол, работното место под реден бр.16 б со шифра УПР 01 01 Г04 000 и назив Помлад референт – возач доставувач, и број на извршители 1 извршител СЕ БРИШЕ.

Член 5

Во Табеларниот приказ на работните места во Сектор за административна, персонална и за индустриска безбедност на класифицирани информации, Одделение за индустриска безбедност по работното место бр.29 со шифра УПР 01 01 В01 000 и звање Советник за безбедносни сертификати за правни лица се додава работно место број 29а, кое гласи:

| | |
|---|---|
| Сектор за административна, персонална и за индустриска безбедност на класифицирани информации | |
| Одделение за индустриска безбедност | |
| Реден број | 29 а |
| Шифра | УПР 0101 В01 000 |
| Ниво | В1, Стручен - I ниво |
| Звање | Советник |
| Назив на работното место | Советник за административна и аналитичка поддршка |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Раководител на Одделение за индустриска безбедност |
| Вид на образование | Општествени науки -економија и бизнис |
| Други посебни услови | Поседување на национален безбедносен сертификат со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО” поседување на „безбедносен |

| | |
|---|---|
| | сертификат со степен NATO- Secret и безбедносен сертификат со степен EU - Secret.; |
| Работни цели: | Самостојно извршување на сложени работи и задачи поврзани со постапките за издавање национални, НАТО и ЕУ безбедносни сертификати за правни лица, водење службени евиденции, подготовка на документација, анализа на податоци и административна поддршка во рамките на Одделението. |
| Работни задачи: | - самостојно врши административни и аналитички работи од делокругот на Одделението за индустриска безбедност; води и ажурира евиденции, бази на податоци и статистички показатели за предметите што се водат во Одделението;<br>- подготвува статистички, аналитички и информативни извештаи за потребите на раководителот на Одделението и раководството на институцијата;<br>- ги следи роковите за постапување по предметите и презема активности за навремено административно постапување;<br>- врши проверка на комплетноста на документацијата<br>- учествува во подготовка на годишни, квартални и месечни извештаи, програми и планови за работа на Одделението;<br>- изготвува анализи и прегледи за издадените национални, НАТО и ЕУ безбедносни сертификати за правни лица;<br>- учествува во подготовка на информации, службени белешки и други материјали.<br>- постапува со класифицирани информации согласно законските прописи и принципот „потребно е да знае";<br>- за својата работа одговара во рамките на дадените овластувања. |

Член 6

ВоТабеларниот приказ на работните места Надвор од секторите, Одделение за финансиски прашања, работното место под реден бр.44 а со шифра УПР 01 01 Г04 000 и назив Помлад референт – благајник, и број на извршители 1 извршител СЕ БРИШЕ.

Член 7

Во Табеларниот приказ на работните места во Сектор за информатичка и за физичка безбедност, Одделение за безбедносна акредитација на комуникациско информатички системи и за комуникациско-информатичка поддршка кај работното место бр.33, со назив Раководител на Одделение за безбедносна акредитација на комуникациско информатички системи и комуникациско -информатичка поддршка, и шифра УПР 01 01 Б04 000 во делот работни задачи се менува и гласи

| | |
|---|---|
| Работни задачи: | - раководи, организира, насочува и координира со работата на Одделението и врши непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите поврзани со безбедносната акредитација на комуникациско-информатичките системи и средства преку кои се процесираат класифицирани информации, како и над активностите од областа на сајбер безбедноста;<br>- се грижи за непречена комуникациско-информатичка поддршка, одржување, развој и унапредување на мрежните и информатичките системи и обезбедува стручна помош на корисниците во институцијата;<br>- одговорен е за воспоставување, одржување, развој и контрола на мрежните системи за размена на класифицирани информации помеѓу Централниот регистар, регистрите и контролните точки во институциите, како и со странски држави и меѓународни организации;<br>- раководи со активностите за воспоставување, имплементација, одржување и унапредување на мерките за безбедност на мрежните и информатичките системи согласно законските и подзаконските прописи и меѓународните стандарди;<br>- организира и координира процеси за управување со ризици, идентификација, анализа и проценка на ризици поврзани со комуникациско-информатичките |

| | |
|---|---|
| | системи, класифицираните информации и сајбер безбедноста;<br>- обезбедува примена на технички, организациски и оперативни мерки за заштита на мрежните и информатичките системи, податоците и класифицираните информации од сајбер закани, неовластен пристап, злоупотреба, губење или нарушување на нивната доверливост, интегритет и достапност;<br>- организира воспоставување и функционирање на механизми за следење, откривање, евидентирање, анализа и управување со безбедносни настани и сајбер инциденти и координира активности за одговор и закрепнување по инциденти;<br>- врши анализа, оценување и проценување на прашањата и проблемите кои се појавуваат во работата на Одделението и предлага мерки за подобрување на безбедноста, ефикасноста и функционирањето на системите;<br>- ги следи националните, НАТО, ЕУ и другите меѓународни прописи, стандарди и добри практики во доменот на безбедноста на комуникациско-информатичките системи и сајбер безбедноста и учествува во подготовката и спроведувањето на соодветните прописи, политики и процедури;<br>- раководи со активностите за безбедносна акредитација на комуникациско-информатичките системи и средства, координира процени на безбедноста и соработува со одговорните лица во институциите;<br>- координира подготовка, тестирање и ажурирање на планови за континуитет на работењето, закрепнување од катастрофи и обезбедување на отпорност на мрежните и информатичките системи; |

| | |
|---|---|
| | - учествува во планирањето и остварувањето на меѓународна соработка со странски органи, НАТО, ЕУ, меѓународни организации и надлежни национални институции во областа на безбедноста на комуникациско-информатичките системи и сајбер безбедноста;<br>- дава стручна и експертска помош на инспекторите за класифицирани информации и на другите организациски единици по прашања од областа на акредитацијата, безбедноста на комуникациско-информатичките системи и сајбер безбедноста;<br>- изготвува предлог-програма за работа на Одделението, поднесува извештаи за нејзината реализација, се грижи за стручното усовршување, професионалниот развој и работната дисциплина на вработените и ја оценува нивната работа;<br>- врши работи и задачи со класифицирани информации согласно принципот „потребно е да знае" и одговара за законито, стручно и ефикасно извршување на работите во рамките на своите овластувања |

Член 8

Во Табеларниот приказ на работните места во Сектор за информатичка и за физичка безбедност ,Одделение за безбедносна акредитација на комуникациско информатички системи и за комуникациско-информатичка поддршка кај работното место бр.37, со назив Советник за криптографски системи, и шифра УПР 01 01 В01 000 во делот работни задачи се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| Работни задачи: | - самостојно извршува сложени стручни работи и задачи во функција на обезбедување криптографска заштита и поддршка на комуникацијата помеѓу Централниот регистар во Дирекцијата, регистрите, контролните точки и другите комуникациско-информатички |

| | |
|---|---|
| | системи преку кои се разменуваат класифицирани информации;<br>- активно учествува во управувањето со криптографски материјали, генерирање, дистрибуција, замена, евидентирање и уништување на криптографски клучеви согласно безбедносните процедури;<br>- учествува во воспоставување, имплементација, одржување и унапредување на криптографските и другите технички мерки за сајбер безбедност на мрежните и информатичките системи;<br>- врши следење, анализа и проценка на безбедносни ризици, закани и ранливости поврзани со криптографските системи и предлага мерки за нивно намалување и отстранување;<br>- учествува во активности за следење, детекција, анализа и евидентирање на безбедносни настани и сајбер инциденти поврзани со криптографските системи и комуникациско-информатичката инфраструктура;<br>- дава стручна поддршка при спроведување на постапки за безбедносна акредитација на комуникациско-информатички системи и проверка на исполнетоста на барањата за криптографска и сајбер безбедност;<br>- континуирано ги следи националните, НАТО, ЕУ и другите меѓународни прописи, стандарди, процедури и технолошки достигнувања во областа на криптографијата, сајбер безбедноста и безбедноста на комуникациско-информатичките системи и предлага нивна примена;<br>- учествува на состаноци со надлежните национални и меѓународни криптографски и безбедносни авторитети, подготвува службени белешки, записници, |

| | |
|---|---|
| | анализи и друга стручна документација;<br>- учествува во подготовка, тестирање и примена на процедури за континуитет на работењето, обновување на криптографските системи и закрепнување по безбедносни инциденти;<br>- соработува со организациските единици во Дирекцијата и со надлежните институции во прашања поврзани со криптографската заштита, сајбер безбедноста и заштитата на класифицираните информации;<br>- извршува работи и задачи со класифицирани информации согласно принципот „потребно е да знае“ и применува мерки за заштита на истите;<br>- за својата работа одговара непосредно пред раководителот на Одделението и во рамките на своите овластувања. |

Член 9

Во Табеларниот приказ на работните места во Регистар за НАТО и ЕУ класифицирани информации при Постојаната делегација на Република Северна Македонија во НАТО и ЕУ кај работното бр.1, со назив Раководител на Регистар за НАТО и ЕУ класифицирани информации при Постојаната делегација на РСМ во НАТО и ЕУ, и шифра УПР 01 01 Б04 000, , во делот:

-„Други посебни услови“ зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ и безбедносен сертификат со степен NATO-Secret се заменуваат со зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА“ и безбедносен сертификат со степен NATO- Cosmic Top Secret.

Член 10

Кај работното место бр.2, со назив Советник за НАТО класифицирани информации во регистарот за НАТО/ЕУ класифицирани информации при Постојаната делегација на РСМ во НАТО и ЕУ, и шифра УПР 01 01 В01 000, во делот:

- „Број на извршители“ бројот 1 (еден) се **заменува** со бројот 2 (два)

-„Други посебни услови“ зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ и безбедносен

сертификат со степен NATO-Secret се заменуваат со зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА" и безбедносен сертификат со степен NATO- Cosmic Top Secret.

Член 11

Кај работното место бр.4, Помлад соработник за дисеминација за НАТО и ЕУ класифицирани информации, УПР 01 01 В04 000 во делот:

-- „Број на извршители" бројот 2 (два) се **заменува** со бројот 1 (еден)

-„Други посебни услови" зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО" и безбедносен сертификат со степен NATO-Secret се заменуваат со зборовите „поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА" и безбедносен сертификат со степен NATO- Cosmic Top Secret.

Член 12

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на правилникот се вршат измени и дополнувања и во табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

Член 13

Овој Правилник влегува во сила од денот на неговото донесување, а ќе се применува по добиената согласност од Министерство за јавна администрација и неговото објавување на огласната табла во Дирекцијата.

**Директор**
**Фљорим Јаја**